Врз основа на член 21 од Правилникот за утврдување на цени за топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.225/23 и 153/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со отпад на Република Северна Македонија го објавува следното

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Се известуваат сите заинтересирани правни и физички лица дека Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, на ден 28.05.2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија поднесе Барање за одобрување на максимален регулиран приход и цена за 2026 година за регулираната дејност дистрибуција на топлинска енергија, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под број УП1 08-237/26.

Со поднесеното Барање, Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје бара регулираниот максимален приход за вршење на дејноста дистрибуција на топлинска енергија за 2026 година да изнесува:

| **Опис** | **ед.мерка** | **2026** |
|---|---|---|
| **Регулираниот максимален приход на операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија** | **денари** | **3.553.675.934** |
| **Количина на испорачана топлинска енергија на праг на корисник** | **kWh** | **518.560.695** |
| **Просечна цена** | **ден/kWh** | **6,8530** |
| **Процент на зголемување во споредба со постојната просечна цена** | **%** | **45,51** |

Заинтересираните правни и физички лица, мислењата и предлозите во врска со објавеното Барање може да ги достават најдоцна до 12.06.2026 година, до 12.00 часот во Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување на комунален отпад на Република Северна Македонија, преку:

- Е-пошта: erc@erc.org.mk
- Факс: 02/ 32 33 586
- Адреса: Ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат, 1000 Скопје

**Скопје, 08.06.2026 година**
**УП1 бр. 08-237/26**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА,**
**ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**